ИНФОРМАТОР

www.vitaminka.company

Бр. 27 декември 2022

Интервју со ...

Ангела Тоневска, Шеф на одделение за Развој на производи и амбалажа

Стр. 4

Фокус на ...

Саемски случувања ISM 2022 во Дубаи и Интерфуд & Дринк во Бугарија

Стр. 7

Актуелно кај нас ...

Донација од 1100 книги од Витаминка за библиотека во Прилеп

Стр. 9

СОДРЖИНА

Стр. 4

Ангела Тоневска
Со квалитетот на своите производи Витаминка ја ужива довербата дури и на светски реномирани компании

Интервју

Стр. 6

Премиерот во посета на фабриката „Брилијант" во Штип

Фокус на ...

Стр. 7

Донација од 1100 книги од Витаминка за библиотека во Прилеп

Актуелно кај нас ...

Стр. 13

Статистички, Македонците дневно јадат по 175 грама леб, пијат по 76 грама млеко, а се „мрсат" со по 180 грама свинско еднаш неделно

Издвојуваме ...

Стр. 19

Во Битола се одржа спортско-рекреативната манифестација „Трчај бе"

Поддршка за спортот ...

За почеток

Нека Новата година биде нова и среќна!

Велат дека како што водата тече, така со себе носи се. Исто е и со времето, како што времето поминува, така се заборавaат старите грижи, се оставаат сеќавањата на лошите моменти, се туркаат под тепих несреќните мисли и се преокупираме со тоа што нè заплискува во моментот.

А што носи моментот, тоа не го носи годината. Така што, многу работи ни одминуваат, без да им биде дадено должното внимание, ги исполнуваме, завршуваме, средуваме, решаваме со мислите некаде во минатото или во иднината. Моментот ни бега. Животот си тече во мали фрагменти, без да застане и да не запраша – дали го забележа овој убав ден, дали ја слушна песната што буди радост, дали ти измолкнаа насмевка?

Многу нешта се случија изминатите неколку години, што сакале или не ни го преокупираа целото внимание, промени што ни го сменија текот на животот, на многу начини. Нивното влијание беше толку силно што илузорно е да се зборува – не мисли на тоа. Едноставно невозможно. Но што и да беше – помина, што и да се случи, заврши. Водата го изми, а времето го покри, еве скоро и заборавот ќе дојде.

Уште нови работи ќе дојдат, и пак нешто ќе го земе вниманието. Повторно некоја силна рака ќе ни ја насочува главата и погледот кон нешто далечно, нешто врз кое не можеме да имаме никакво влијание, а тука околу нашите нозе ќе ни се случува нашиот живот. Со сите ,,ситни но битни" згоди и незгоди, со сите звуци и мириси, како мало детенце ќе потскокнува и ќе се обидува да ни го земе вниманието и да ни каже дека космичката сила е тука, суштината е тука, во нас и со нас.

Времето минува, времето тече и тоа е убавината на животот, да не ги заборавиме моментите што ни го прават значаен. Го имаме пред себе времето од новата година, да го искористиме максимално.

Така што, нека ни е среќна и бериќетна Новата 2023 година, нека нè изненади со убавини а добрата мисла и добрите дела ние ќе си ги задржиме и ќе ја негуваме човечноста, емпатичноста и солидарноста.

Да сме здрави и живи, и многу посреќни во Новата година.

Интервју

Со квалитетот на своите производи Витаминка ја ужива довербата дури и на светски реномирани компании

Ангела Тоневска , шеф на одделение за Развој на производи и амбалажа

Витаминка константно го зголемува своето производно портфолио, со нови производи од сите програми. Во која насока се движи развојната стратегија и што вклучува развојот на нови производи?

АТ: Како во минатото, така и сега, Витаминка постојано се трудела да биде во тек со Европските и светските трендови. Како резултат на тоа, во однос на развојот на производите, се движиме во насока на намалување на шеќерот, солта и мастите, а од друга страна пак, зголемување со протеини и растителни влакна. Сè повеќе истражувања покажуваат дека потрошувачите сакаат на производите да видат состојки кои ќе им бидат препознатливи и едноставни, па така и ние се трудиме да вклучуваме состојки кои ќе бидат „чиста етикета" (или clean label).

Производите на Витаминка добиваат и нов изглед, на што се должи тоа?

АТ: Со цел да бидеме иновативни и ги задоволуваме преференците на постоечките и новите потрошувачи, се трудиме во период од неколку години да вметнеме некој „благ" редизајн на нашите добро утврдени дизајни или пак целосно нов редизајн на производ кој сметаме дека би бил попримамлив со таквиот нов изглед. Секако, на тоа претходат детални анализи на пазарот и фокус групи, за на крај да донесеме издржана и неизбрзана одлука.

Исто така во последно време голем број од производната програма на Витаминка визуелно е облечена во познатите детски цртани ликови и супер херои? За каква стратегија станува збор и што опфаќаат овие договори?

АТ: Добивањето на договорите со светски познатите Warner Bros и Universal Studios, кои стојат позади креирањето на детските ликови и херои со кои многу генерации пред нас, па и после нас ќе израснат, беше навистина предизвик и голем успех да се добијат. Bugs Bunny, Batman, Superman, Minions се само неколку од ликовите кои сега се појавуваат на голем дел од нашите пакувања, а кои не само што се примамливи за најмалите, туку знаат да предизвикаат насмевка и топли чувства и кај постарите. Секако, имаше многу предизвици кои требаше да се надминат со цел да се задоволат обемните барања и на Warner Bros и на Universal Studios. Тоа вклучуваше аудити на производствените процеси, строги правила за производство, вложување во нови алати за машини, состојки и финален изглед на производите. Сите заедно може да се пофалиме дека успешно и со многу труд влијаевме да Витаминка сега ја ужива довербата на такви светски реномирани компании.

Што следно ново да очекуваме од Витаминка?

АТ: Од оние производи кои најбрзо треба да се појават на пазарот е целосно нова линија на Луна Премиум кремови, поточно 6 нови производи под тој бренд. Како што кажува и самото име, тоа ќе бидат премиум кремови, секој со некаква понудена предност, а ќе вклучуваат поголем процент на лешници, млеко, нов крем со ф'стаци, протеински кремови за потрошувачите кои сакаат да го зголемат внесот на протеини во својата дневна исхрана, крем со намален процент на шеќер. Понатаму, ќе имаме и два нови сосови (Бургер сос и Кари сос со ананас), како проширување на асортиманот од сосови и преливи, а заради задоволување на преференциите на група потрошувачи кои се спремни да експериментираат со нови вкусови.

Голем дел од потрошувачите ги паметат благите флипсови Буцко, со вкус на чоколадо и јагода, кои во минатото биле дел од асортиманот производи на Витаминка. Мотивирани од нив, на пазарот ќе се појават два нови флипса, од кои едниот ќе биде со вкус на чоколадо, а другиот со вкус на карамела и орев. Производите ќе бидат со нови форми на ѕвезда и локна, а под нашиот детски бренд „Onni".

Фокус на ...

Премиерот во посета на на фабриката „Брилијант" во Штип

Целта на посетата од страна на Претседателот на Владата Димитар Ковачевски беше да се види како работат домашните капацитети во овој период на тешка економска криза.
При тоа тој истакна дека домашните компании за производство на основни прехранбени производи меѓу кои и маслото за јадење, се ставени во полн капацитет, а мерките кои што беа донесени од Владата имаат за цел да се избегнат ценовните шокови и да се заштитат граѓаните.

Во насока на ова Витаминка ја намали цената на маслото за јадење за 40 денари.
„Цената на маслото за јадење е падната за скоро 40 денари и ние се трудиме и понатака да ја намалиме, да ја донесеме, ако е можно да дојде до цените што беа пред три години. Цената на нашиот производ најмногу зависи од суровината", рече генералниот извршен директор Сашо Наумоски при посета на претседателот на Владата на фабриката „Брилијант" во Штип.

Тој уште појасни дека Витаминка не конкурираше за поевтина струја од 1 декември бидејќи има инсталирано фотонапонски централи, а производството на струјата од нив за 30 отсто ги намалува трошоците за производство до крајниот производ.

Фокус на ...

Финансиска писменост за подобро управување со личните финансии

Во месецот на финансиска писменост, од 23-ти до 25-ти ноември, финансиските регулаторни институции, во соработка со приватниот финансиски сектор, како дел од нивните редовни активности го одржаа шестото издание на Деновите на финансиската писменост.

Во текот на овие денови претставници на МАПАС - Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС, од КБ Прво пензиско друштво и од Комерцијална банка ја посетија и Витаминка и одржаа предавање пред дел од вработените за подобрување на управувањето со личните финансии и за носење подобри финансиски одлуки.

Целта на одржување на Деновите на финансиска писменост, од страна на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС заедно со пензиските друштва е пред сè подигнување на свесноста кај граѓаните и фирмите за доброволното пензиско осигурување или познато како трет пензиски столб.

Фокус на ...

ISM 2022 во Дубаи и Интерфуд & Дринк во Бугарија

Целата слатка програма како и закуските на Витаминка беа изложени на саемот ИСМ – СИ 2022, што од 8 до 10 ноември се одржува во Дубаи. ИСМ е најголемото саемско случување за кондиторски производи во Средниот Исток и претставува значајна бизнис и комуникациска платформа во прехранбената индустријата.

„Настапите на саеми, посебно овие што важат за центар на случувањата во индустријата се од големо значење за изложувачите бидејќи на овој начин се обезбедува пат до светските пазари. За нас, уште еднаш се потврди фактот дека преку континуирани вложувања во асортиманот и квалитетот на производите, креираме конкурентна понуда за задоволување на сè пософистицираните барања од страна на потрошувачите, а тоа првично се мери на овие манифестации. Патот до странските пазари започнува од саемското претставување и можностите за потенцијални соработки на глобално ниво“, истакна Љупчо Велески, директор на Извоз во Витаминка.

Оваа година ISM ME стави посебен акцент на чоколадата, кондиторските производи, десерти, грицки, обезбедувајќи значителни можности за компаниите да се вмрежат, да го промовираат својот бренд и да го прошират својот трговски круг низ регионот. Како изложувачи присутни се производители, компании, ланци и дистрибутери од целиот свет.

Со целосниот асортиман веќе достапен на бугарската јавност, Витаминка и оваа година се претставува и на Интерфуд & Дринк, едно од најреномираните саемски манифестации за храна и пијалаци во Југоисточна Европа што одржува во Бугарија.

Интерфуд & Дринк е познат по тоа што претставува погодна средина за споделување искуство и иновативни пристапи во производните процеси. Освен од домашните компании, посетен е од голем број странски компании, дистрибутери, продажни ланци, деловни делегации, трговски друштва и слично. Витаминка и нашите производи се многу добро познати на бугарската јавност, и тоа ни дава голема предност при претставувањето тука.

Како дел од саемските содржини и во насока на отворање можности за соработка, е и платформата за многу конференции, натпревари, презентации, семинари, деловни состаноци и друго. Интерфуд & Дринк се одржа од 5 до 8 октомври, оваа година по 21ви пат, со над 550 изложувачи, над 1200 брендови и посетеност од над 24 000 посетители и купувачи.

Актуелно кај нас ...

Донација од 1100 книги од Витаминка за библиотека во Прилеп

Витаминка донираше 1100 книги во Градска библиотека „Борка Талески" во Прилеп. Донацијата содржи вкупно 150 наслови од различни жанрови од домашни и странски автори, лектирни изданија, популарна литература, белетристика, детска и тинејџерска литература. Вкупната вредност на донацијата е 160.000 денари и ова е само првиот чекор во популаризација на културата на читање и зголемување на значењето на библиотечната дејност во градот Прилеп.

„Како компанија со голема свесност за состојбите во општеството и воопшто во околината, со оваа донација сакаме да го свртиме вниманието кон значењето на едукацијата и читањето книги и да влијаеме врз зголемување на читачката култура. Потребно е посебно младите да се надградуваат себеси и да го спознаваат светот низ книгата и на тој начин да создаваат вистински и трајни вредности. Веруваме дека овој начин, преку популаризирање на културата на читање и создавање понуда во библиотеката од наслови и содржини кои одговараат на тековните интереси и преокупации на младите и на сите нас, ќе успееме да ја поттикнеме љубовта кон книгата и кон убавиот збор", истакнаа Симона Симоновска Шеф на маркетинг во Витаминка, при врачувањето на донацијата.

„Изборот на авторите и насловите го направме во координација со вработените од библиотеката и според потребите од жанрови и изданија. Дониравме книги од домашни автори, како: Горјан Петрески, Ванчо Николески, Велко Неделкоски, а од најновите наслови кои досега не беа листирани во библиотеката, ја набавивме и новата македонска едиција „Светот на Биби и Боби". Меѓу дониираните наслови застапени се и книги од странски автори", изјави Душица Неделкоска, Маркетинг и ПР Координатор во Витаминка.

Според директорката ова е значајно зголемување на книжниот фонд и тоа за сите профили на читатели.

„Донацијата од 1100 книги со 150 наслови, пред сè лектирни изданија, значително ја збогатува понудата на Библиотеката во одделот за деца. На овој начин учениците многу полесно ќе дојдат до бараната книга. За учениците кои се љубеници во пишаниот збор, набавени се повеќе наслови на детски белетристички романи, енциклопедии. Ставен е акцентот на домашни автори, но и во исто време набавена е литература и од странски автори. Сè на се, огромно благодарам на компанијата Витаминка за оваа вредна донација, од името на сите вработени во установата, и од името на учениците - наши читатели. Донацијата ќе ги краси полиците на Библиотеката со години. Влогот во младите, нови генерации чинам е највреден, а ефектите многукратни. Компанијата Витаминка и овој пат става печат на искреното пријателство со Библиотеката Борка Талески - Прилеп. Таа е пример во заедницата за ефикасно вложување во рамките на политиките за општествена одговорност. Многу успеси на учениците, и многу успешни проекти на Витаминка во иднина. Во оваа пригода сакам да се заблагодарам и на градоначалникот Борче Јовчески за силната поддршка при реализација на овие активности“, истакна Моника Талеска, директорка на прилепската библиотека.

Од странските автори набавени се повеќе книги, меѓу кои серијалот Хари Потер на Џ.К. Роулинг.

Актуелно кај нас ...

Вредносни ваучери за студентите на Економскиот факултет во Прилеп

На Економскиот факултет во Прилеп се одржа првиот академски час при што бруцошите беа поздравени со порака дека е чест, но и голема обврска да се влезе и да се стане дел од академскиот свет. Покрај поттикот до студентите дека влегувајќи во новата развојна етапа која бара посветеност, истрајност и фокусираност на целта, стануваат дел од суштински промени кои ќе донесат големи предности за заедницата и општеството, пред новите предизвици беа дополнително стимулирани. За идните академски граѓани, економисти, експерти и професионалци беа доделени 30 вредносни ваучери, од кои еден од Витаминка.

Актуелно кај нас ...

Тринаесеттата Школа за млади лидери се одржа на тема „Морално лидерство”

Тринаесеттата Школа за млади лидери на Претседателот Иванов, на тема „Морално лидерство“, се одржа во периодот 16-30 септември 2022 година во комбинирано издание, онлајн и во живо.
На отворањето на школата пред присутните се обрати и Претседателот Иванов кој се осврна на темата „Морално лидерство” која воедно е и главната тема на овогодинешната Школа за млади лидери. Тој со присутните ги сподели своите погледи на глобалните светски процеси, како политички, така и економски, говореше исто така и за кризите кои се случуваат на глобално ниво, токму поради недостатокот од морално лидерство во современите општествени текови. Претседателот Иванов исто така ја потенцираше и важноста на моралот и етиката во политиката, во општеството и општествените случувања, како и во секојдневието на човекот. Ги охрабри присутните да учат, да се надоградуваат, да бидат љубопитни, но во исто време да го почитуваат семејството и да ги почитуваат вредностите кои ги има добриот човек, да бидат добри луѓе што ќе прават добри дела, да ги почитуваат добрите обичаи и практики со цел постигнување на општото добро.

Во текот на 13-тата Школа за млади лидери предавања за учесниците одржаа: Вацлав Клаус, поранешниот Претседател на Чешката Република, Денис Илиќ, Претседател на Ilitch Enterprises; Ендру Пејкоф Јуниор, Претседавач на компанијата Niagara Bottling, Сани Шенер, главен извршен директор и Претседател на „ТАВ Аеродроми“; Еце Чифтичи, Претседател на бордот на SocialBen Foundation; Есер Џевахир, член на Бордот на Џевахир; Кордел Картер, Извршен директор на Институтот Аспен; проф. д-р. Томас Гудерјан, професор по антропологија на Универзитетот во Тексас; проф. д-р. Роберт Стеркен, професор по политички науки на Универзитетот во Тексас; Гозде Диздар, Основач и Извршен директор на GD Global; амбасадор Зоран Дабиќ, поранешен амбасадор на РМ во ОБСЕ, НАТО; проф. д-р Викторија Трајков, професор по политички маркетинг на Универзитетот за туризам и менаџмент; Рашела Мизрахи, пратеник во Собранието на Република Македонија; д-р Александар Митов, експерт за јавно здравје; Зоран Костовски, Директор на компанијата за деловна едукација, менаџмент консалтинг, образование и обука „Мотива“; Ацо Момчиловиќ, ко-основач на Global AI Ethics Institute во Хрватска; проф. д-р Атанас Кирјаковски, професор по психологија на Меѓународниот Балкански Универзитет.
Како и досега, Школата за млади лидери на Претседателот Иванов е поддржана од приватниот сектор, а еден од редовните поддржувачи е и Витаминка.

Школата за млади лидери е иницијатива на Претседателот Ѓорге Иванов која започна на почетокот на неговиот прв мандат. Првата Меѓународна обука за млади лидери се одржа во 2010 година. Оттогаш, во текот на досегашните 12 обуки, учествуваа околу 480 млади луѓе од земјата и од странство, со различна академска и професионална позадина. Во склоп на Школата за млади лидери, низ годините до сега предавања одржаа над 220 реномирани предавачи од Република Македонија, Европа и светот. Во 2018 година, проектот Школа за млади лидери на Претседателот Иванов, е прогласен за најдобар социјално одговорен проект во Европа за 2017 година од страна на Светскиот инвестициски форум на бизнис ангели.

„Витаминка како општествено одговорна компанија и посебно како компанија што се грижи за иднината на младите луѓе, високо го вреднува образованието и квалитетната едукација. Како дел од оваа грижа, компанијата и оваа година доделува вредносен ваучер за студент на Економскиот факултет во Прилеп со цел да мотивира и поттикне младите луѓе да го продолжат својот образовен пат кон реализација на личните професионални амбиции. На тој начин, преку овозможување и поголема достапност на квалитетно образование, придонесуваме за подобрување на општите состојби во заедницата и во државата“, истакна Душица Неделкоска, Маркетинг и ПР Координатор на Витаминка.

Издвојуваме ...

Статистички, Македонците дневно јадат по 175 грама леб, пијат по 76 грама млеко, а се „мрсат“ со по 180 грама свинско еднаш неделно

Македонците лани потрошиле 2.683 евра за храна, или месечно им оделе по 233 евра за да се прехранат или 13.747 денари. Ова го пресмета Државниот завод за статистика во статистичкиот годишник за 2021 година. „Денар“ ги објави количините на прехранбени продукти кои според статистика, барем според анкетираните домаќинства се доволни за едно четиричлено семејство да се прехрани.
Ако се поделат количините кои според статистичките просеци се доволни за едно четиричлено домаќинство излегува дека секој член дневно има за јадење по 175 грама леб, по 200 грама свинско месо неделно, по 76 грама млеко на ден, нешто над 900 грама домати, 500 грама краставици, по 940 грама јаболка месечно, или едно до две јаболка неделно односно вкупно 250 грама. Па така, според статистика едно просечно домаќинство во земјава лани потрошило 255,6 килограми леб, или тоа значи дека месечно јаделе 21 килограм леб, дневно се јадело по 700 грама леб, или секој член имал за јадење по 175 грама леб дневно.

Во просек годишно секое домаќинство трошело по 27,6 килограми тестенини, односно месечно 2,3 килограми тестенини. Нешто помалку од 600 грама месечно јадел секој еден член од семејството.
Вкупно 25,1 килограм свинско месо, биле годишните потреби, според статистика на едно четиричлено домаќинство. Кога ќе се поделат количините излегува дека вкупно месечно едно домаќинство купувало по 3 килограми свинско месо, односно на секој член им следувало по 731 грам свинско месо месечно или околу 180 грама за секој член ако се готвело свинско еднаш неделно. Вкупните годишни количини пак на говедско, јунешко и телешко месо биле 23,8 килограми или вкупно 2 килограми месечно или по 500 грама месечно за секој член. Најмногу се јадело месо од живина, 53,4 килограми годишно, или секое домаќинство по 4,5 килограми месечно пилешко месо. Или секој поединечно по нешто над 1 килограм. Многу се трошеле преработки од месо, дури 50,2 килограми годишно, или по 4,2 килограми месечно трошеле преработки на месо домаќинствата во земјава. Додека пак рибата била застапена на македонските трпези со 24 килограми или вкупно 2 килограми месечно.
Кај зеленчукот, во просек се трошеле по 44,8 килограми краставици годишно, или едно домаќинство трошело по 3,7 килограми по член, или секој имал по 933 грама домати месечно, кај краставиците количините се значително помали, или вкупно 26,5 килограми месечно и само 2,2 килограми месечно за сите или по само 552 грама месечно имало за секој член од семејството.Од овошјето се набавувале вкупно 45,3 килограми јаболка, или 3,7 килограми месечно трошело едно домаќинство, а секој член имал за јадење по помалку од килограм јаболка месечно или 943 грама, па излегува дека му следувале по 1 до 2 јаболка неделно односно 250 грама вкупно. А круши се набавувале по само 3 килограми годишно.

Статистика пресмета дека едно домаќинство потрошило 111 килограми млеко годишно, или вкупно месечно 9,3 килограми или нешто повеќе од 9 млека месечно набавува во просек секое домаќинство. Еден член месечно смее да испие вкупно 2,3 килограми млеко, или тоа се по околу 76 грама на ден. Сирење вкупно годишно за едно домаќинство биле доволни 47,6 килограми или по 4 килограми месечно, а вкупно годишно едно домаќинство трошело по 720 јајца, или вкупно 60 јајца месечно.

И за заблажување, на едно семејство годишно им биле доволни 29,5 килограми чоколадо и кекс или по 2,5 килограми месечно.

Поддршка за културата ...

„Кајмак“ во македонските кина

Премиерата на „Кајмак“ најновиот филм во режија на Милчо Манчевски се одржа истовремено во речиси 30 градови низ целата земја.

„Кајмак“ се прикажува низ цела Македонија, а неодамна, Кајмак имаше светската премиера и три распродадени проекции на Токискиот фестивал. Реакцијата на јапонската публика беше извонредна. Весникот „Џапан тудеј“ (Japan Today) го нарече филмот „мрсна сатира“. Манчевски беше во центарот на збиднувањата во Токио, каде одржа и мастерклас кој имаше голем одглас кај публиката.
Веднаш потоа „Кајмак“ отпатува во Тајван, каде се прикажа на Филмскиот фестивал „Златен коњ“ („Golden Horse“) во Тајпеј. По двете преполни проекции и едночасовни редици на публиката за автограм од македонскиот режисер, следеа сесии разговори со публиката која ја пофали приказната, велејќи дека постојано изненадува.

Киноприкажувањето низ Македонија започна на 17 ноември во Гостивар, Пробиштип, Делчево, Кавадарци, Крива Паланка, Куманово, Виница, Крушево, Струмица, Македонска Каменица, Тетово, Дебар, Берово, Неготино, Богданци, Кратово, Радовиш, Струга, Кичево, Охрид, Свети Николе, Прилеп и Штип.

„Кајмак е љубовна приказна за возрасни“, вели режисерот Манчевски. Тоа е црна комедија (или среќна трагедија) за две семејства кои се пристојни на почетокот, а среќни на крајот. Филмот е безмилосна критика на малограѓанското лицемерие и апотеоза на индивидуалната слобода. „Комшијата е најважната институција во една малограѓанска средина. Но, секое добро уметничко дело те кани да го сирнеш светот со поинакви очи. „Кајмак“ ја кани публиката да не суди, туку да сочувствува со ликовите – а сите тие се во исто време и жртви и душмани“, според Манчевски.

Финансиери на филмот се Агенцијата за филм на Северна Македонија и државните фондови на Данска, Холандија и Хрватска, како и од европскиот фонд Еуроимаж. Македонската Радио Телевизија е копродуцент, а главни партнери на филмот се Алкалоид, НЛБ Банка и Виза; партнери на филмот се и Окта, Тиквеш, Витаминка и Дајмонд оф Скопје.

По сценарио и режија на Манчевски, во филмот играат: Сара Климоска, Камка Тоциновски, Александар Микиќ, Симона Спировска, Ана Стојановска, Филип Трајковиќ, Петар Мирчевски, Сашка Димитровска, Лазе Манасковски, Јасмина Василева, Дејан Лилиќ, Елена Кузманов, Крсте Роџевски, Ратка Радмановиќ, Ана Димитрова, Никола Ристески, Ангела Димитрова, Соња Михајлова, Александра Пешевска, Ѓорѓи Јолевски, Љиљана Богојевиќ, Сара Станиќ и други.

Македонски продуцент на филмот е Банана филм. Продуцира Јане Ќортошев. Продукциски дизајнер е Дејвид Манс од Англија, директор на фотографија данецот Улрик Боел Бенцен, монтажер Емил Нунинга од Холандија, дизајнер на звукот Херман Пиете, кастинг директор Милка Анчевска, костимограф Жаклина Крстевска, а дизајнер на шминка е италијанската легенда Марио Микисанти. Музиката е на култниот „Дејниш стринг квартет“, а дополнителната музика на Игор Василев-Новоградска. Во екипата беа вклучени и независни филмски работници од Англија, Италија, Србија и Бугарија.

Поддршка за културата ...

Реализација на „Филмски ден на младата публика“ 2022

Како компанија и бренд кој континуирано и искрено се грижи за интересите на младите и се обидува да учествува со поголема поддршка и оваа година помогнавме за одржување на културната манифестација „Филмски ден на младата публика 2022“.

И оваа година Македонија и Скопје беа дел од овој пан-европски настан кој што истовремено се случуваше во 40 земји низ Европа. Настанот овозможи младите од сите градови учесници, вклучувајќи го и Скопје да проследат три исклучителни филмски остварувања наменети за млада публика. Освен тоа, приклучувајќи се кон овој настан, стотина млади луѓе од нашата земја на возраст од 12 до 14 години имаа можност да бидат дел од меѓународно жири кое што на крај одлучуваше за најдобриот филм во оваа конкуренција.

Организатор на ова европско филмско случување е Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.
Витаминка како постојан покровите на културни и едукативни активности за младите го поддржа одржувањето на овој настан со достапност на нашата широка палета производи и на тој начин овозможи младите учесници да можат да уживаат во овој исклучителен филмски ден.

Поддршка за културата ...

Македонскиот филм „Преекспонирано“ со светска премиера на фестивалот во Каиро

Македонскиот филм „Преекспонирано“, на режисерката Елеонора Венинова, ја имаше својата светска премиера во рамки на официјалната конкуренција на Меѓународниот филмски фестивал во Каиро (Cairo International Film Festival), кој ќе одржа од 13 до 22 ноември.

„Преекспонирано“ е интимна драма во која тројца ликови имаат цврста врска. Жанровски е драма, ја прикажува приказната на една брачна двојка која престојува во својата викенд-куќа во Охрид, кога нивниот мир и брачна идила е нарушена од доаѓањето на тинејџерка којашто е ќерка на нивни блиски пријатели. „Присуството на тинејџерката, нејзините проблеми и емоции го предизвикуваат брачниот пар, кој е толкуван од актерите Камка Тоциновски и Благој Веселинов, односно преку неа тие го преиспитуваат својот брачен живот. Филмот е делумно инспириран од вистински настан.

Ова е првиот филм кој се снимаше во пандемијата, во едни вонредни услови. Освен од македонската Агенција за филм „Преекспонирано“ е поддржан и од Српскиот филмски центар, но и од Еироимаж. А со своја поддршка во текот на процесот на смимање учествуваше и Витаминка.

Режисер на „Преекспонирано“ е Елеонора Венинова, кинематографер е Лев Предан Коварски од Словенија, композитор на оригиналната музика е Линдзи Рајт од Велика Британија, сценографијата е на Срѓан Митровиќ, монтажер е Гоце Кралевски, костимограф Жаклина Крстевска, монтажер на звук – Дарко Спасовски, мејк-ап артист Горан Игњатовски, а копродуцент Мирјана Томиќ (Лилит-Србија).

Поддршка за образованието ...

Учиме во Витаминка

Посетите од основните и средните училишта а секако и факултетите ни се посебно драги и важни. Овие ученици од најмали нозе доаѓаат да учат во Витаминка и тука се запознаваат со основите на една добро поставена и функционална корпоративна култура. А како што напишаа од ОУ „Рампо Левката“ од Прилеп на училишниот фејсбук профил „знаеме дека речиси и да не постои дете кое не пораснало со производите на Витаминка, посебно со вкусот на познатиот Стоби Флипс. Бренд број еден за кој не веруваме дека некој во светот не слушнал. Стоби Флипс бил лансиран дури во вселената“.

Така во овој период гости ни беа најмалите од градинката Светот на Колорес од Скопје, ја посетија работната единица Стоби флипс и уживаа во омилениот флипс.
Основците од Охрид, 9 одделение исто ја посетија РЕ Стоби флипс, како и учениците од ОУ „Кире Гаврилоски“ и учениците од ОУ „Кирил и Методиј“ од село Канатларци и учениците од село Подмол.

Додека пак учениците од деветто одделение ОУ „Рампо Левката“ од Прилеп под мотото „Сакам да бидам” продолжија со освојување на нови предизвици во Витаминка. Тие за кариерното определување зборуваа со Орде Ѓорѓиоски, директор на Секторот за правни и општи работи и Душица Неделкоска, Маркетинг и ПР Координатор.

Од среднистите на посета ни беа учениците од СОУ „Ѓорче Петров и се запознаа со хемиската лабораторија. Како и идните фармацевти од СОУ „Ѓорче Петров“ Прилеп, така и учениците од четврта година од СОУ „Орде Чопела“ Прилеп, насока Хемиски лабораториски техничар и прехранбен техничар ја посетија лабораторијата.

Студентите пак од Економскиот факултет во Прилеп го посетија магацинот за готов производ во фабрика 2 и се запознаа со организациските аспекти на магацинското работење.

Покрај таргетираните посети и запознавањето со оние оддели што се во склоп со нивните образовни програми, сите ученици дознава и за можностите кои Витаминка ги нуди како компанија, а поврзани со образованието на учениците во средно и високото образование.

Сите деца и ученици беа срдечно и топло пречекани, запознаени со Витаминка и на крај испратени со пакетчиња од нашиот асортиман.

Од Витаминка за децата ...

За инклузивноста на различностите

Под мотото „Играме заедно различни, а исти" во Градски парк во Скопје се одржа јавен настан за зголемување на свесноста за лицата со атипичен развој и за нивно прифаќање, почитување и инклузија во општеството.

Настанот кој се одржува по трет пат, беше конципиран како голема игротека со многу разновидни активности, забавни, тактилни игри, со музичка и ликовна работилница. Уште целта беше преку игра да им се покаже на семејствата со типичен развој дека треба да ги надминат своите стравови коишто се резултат само на страв од непознатото и да се обидат да се запознаат со атипичните лица и со нивните семејства, да дознаат за самата болест или состојба, да најдат начин на којшто би им помогнале. Но за да е возможно сето тоа, пред се' овие лица треба да бидат прифатени токму онакви какви што се.

„Она што сакаме да докажеме и покажеме, како и секогаш на нашите дружби, е тоа дека и децата со атипичен развој сакаат да играат, да се смеат, да пеат, да другаруваат. И тие сакаат да бидат поканети на родендени, но и другите деца да доаѓаат на нивните. Но најважното од сè – сакаат да бидат заедно со другите деца. Сакаат да растат заедно", беше пораката од организаторот.

Витаминка ја даде својата поддршка за организирање на настанот но исто така и за пораките што беа испратени. Настанот беше во организација на „Играме заедно" – Аутизам ААМК и Колектив Ветерница.

Од нас за заедницата ...

Преспански јаболкобер 2022

Со откинувањето на првото јаболко од садниците на комплексот на Агроплот беше означен почетокот на преспанскиот јаболкобер. А преспанскиот јаболкобер не е само манифестација, велат дека е настан што не се пропушта.

Покрај следењето на традицијата и започнување на еден нов годишен циклус на добар род и бериќет, Преспанскиот јаболкобер е манифестација збогатена со бројни културно- социјални и спортски случувања.

Преспанскиот јаболкобер го претставува целиот карактер на регионот. Од изложба на јаболка и продукти од јаболка, механизации, до музички, спортски и кулинарски настапи.
Витаминка е секаде каде има добра мисла и забава, па така бевме дел и од оваа Преспанска традиција.

Од нас за заедницата ...

Во Кавадарци традиционално се одржа „Тиквешки гроздобер“

Имаше дегустација на храна, вино, ракија и одлична музика со македонски и со екс-ЈУ ѕвезди а празнувањето на грозјето и на виното во Кавадарци вечерта заврши со спектакуларен концерт на балканската музичка ѕвезда Горан Бреговиќ. „Тиквешки гроздобер 2022“ е традиционална манифестација која, по пауза од две години поради ковид-пандемијата, повторно се одржа во Кавадарци. Преку богата културно-уметничка програма се раскажа кавадаречката винска приказна под отворено небо.
За сите посетители на гроздоберот, на влезовите од градот се делеа пакетчиња со грозје.
А Витаминка го даде својот придонес за оваа долгогодишна винска традиција да продолжи.

Поддршка за спортот ...

Bitola Outdoor Festival со поддршка од Витаминка

Витаминка како докажана општествено одговорна компанија, која покрај професионалната грижа за вработените учествува и во голем број активности кои придонесуваат кон унапредување на целокупниот квалитет на живот во нашата заедницата.

Во контекст на тоа го поддржавме 3-то издание на Bitola Outdoor Festival што се одржа на 24-25 септември 2022 година на различни локации во Битола и Националниот парк Пелистер. Главен настан на фестивалот беа две планински трки со меѓународен карактер.

Настаните на овој фестивал беа внимателно креирани од страна на тим кој се состои од долгогодишни професионалци со меѓународни лиценци како планинари, алпинисти, тркачи по планински патеки, планински велосипедисти и менаџери на настани. Планинското трчање, како екстремен спорт кој најчесто се одржува на непристапен терен, мора да исполнува одредени критериуми кои се поставени од меѓународната асоцијација за планинско трчање ITRA. Дополнително овие меѓународни спортски активности придонесуваат и за промовирање на природните убавини на нашата земја и националните паркови.

Здружението БОФ Битола е со дејност за поттикнување и промоција на спортот, спортскиот туризам и здравиот начин на живот преку организирање интернационални настани, а кои се оддржуваат во најстариот Национален парк во С.Р. Македонија, Националниот парк Пелистер од 2020 година.

Поддршка за спортот ...

Во Битола се одржа спортско-рекреативната манифестација „Трчај бе“

Повеќе од 1 400 атлетичари, спортисти и рекреативци од 15 држави учествуваа на традиционалната спортско-рекреативна манифестацијата „Трчај бе“, која што се одржа Битола.

Годинава покровител и поддржувач на манифестацијата која воедно беше е и Национално првенство во полумаратон, беше Општина Битола, а еден од поддржувачите на оваа спортска манифестација која што добива на популарност беше и Витаминка. -Манифестацијата станува се помасовна и попосетена. Врвни атлетичари од повеќе земји и домашни љубеници во трчањето, трчаа на трите патеки долги 5, 10 и 21 километар низ Битола, а убеден сум дека така ќе биде и договодина на малиот јубилеј, односно на петтото издание, истакна градоначалникот Тони Коњановски.

По завршувањето на трката се одржа дополнителна забавно музичка програма на повеќе локации во градот а настап имаше групата „Љубојна.

Промоции

happy
витаминка
vitaminka.company
витаминка
vitaminka.company

Bonitas

STOBI
FLIPS
with Peanuts
vitaminka

Frikom

HAPPY
HOLIDAYS!

vitaminka
vitaminka.company
ATLANTIS
Слатки спомени

витаминка

СЛАТКИ ЗАДОВОЛСТВА

во празнично пакување!

vitaminka

ATLANTIS

Winter Edition